		54.168.541	55.082.464	150.000	150.000	52.560.639	52.560.639	459.477	459.477	0	0	107.338.657	108.252.580
Категорија / Ставка	О П И С	Буџетски расходи		Расходи од самофинансирачки активности		Расходи од дотации		Расходи од донации		Расходи од кредити		Вкупни расходи	
		Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс
JI	ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ	2.000.000	2.000.000	0	0	0	0	0	0	0	0	2.000.000	2.000.000
	ПРИХОДИ :												
JI0	ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ	2.000.000	2.000.000	0	0	0	0	0	0	0	0	2.000.000	2.000.000
	РАСХОДИ :												
48	**КАПИТАЛНИ РАСХОДИ**	**2.000.000**	**2.000.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**2.000.000**	**2.000.000**
482	Други градежни објекти	2.000.000	2.000.000	0	0	0	0	0	0	0	0	2.000.000	2.000.000
JI0	ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУЕ	2.000.000	2.000.000	0	0	0	0	0	0	0	0	2.000.000	2.000.000
48	**КАПИТАЛНИ РАСХОДИ**	**2.000.000**	**2.000.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**2.000.000**	**2.000.000**
482	Други градежни објекти	2.000.000	2.000.000	0	0	0	0	0	0	0	0	2.000.000	2.000.000

ПОСЕБЕН ДЕЛ - ребаланс
Ниво: Ставка

		54.168.541	55.082.464	150.000	150.000	52.560.639	52.560.639	459.477	459.477	0	0	107.338.657	108.252.580
Категорија Ставка	О П И С	Буџетски расходи		Расходи од самофинансирачки активности		Расходи од дотации		Расходи од донации		Расходи од кредити		Вкупни расходи	
		Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс
JN	КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА УРБАНА ОПРЕМА	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0
	ПРИХОДИ :												
JN0	УРБАНА ОПРЕМА (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0
	РАСХОДИ :												
48	**КАПИТАЛНИ РАСХОДИ**	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0
482	Други градежни објекти	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0
JN0	УРБАНА ОПРЕМА (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0
48	**КАПИТАЛНИ РАСХОДИ**	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0
482	Други градежни објекти	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0

ПОСЕБЕН ДЕЛ - ребаланс
Ниво: Ставка

		54.168.541	55.082.464	150.000	150.000	52.560.639	52.560.639	459.477	459.477	0	0	107.338.657	108.252.580
Категорија Ставка	О П И С	Буџетски расходи		Расходи од самофинансирачки активности		Расходи од дотации		Расходи од донации		Расходи од кредити		Вкупни расходи	
		Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс
K4	КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕшТВО	470.000	470.000	0	0	0	0	0	0	0	0	470.000	470.000
	ПРИХОДИ :												
K40	КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО	470.000	470.000	0	0	0	0	0	0	0	0	470.000	470.000
	РАСХОДИ :												
42	**СТОКИ И УСЛУГИ**	**470.000**	**470.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**470.000**	**470.000**
420	Патни и дневни расходи	40.000	40.000	0	0	0	0	0	0	0	0	40.000	40.000
421	Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт	30.000	30.000	0	0	0	0	0	0	0	0	30.000	30.000
423	Материјали и ситен инвентар	50.000	50.000	0	0	0	0	0	0	0	0	50.000	50.000
425	Договорни услуги	50.000	50.000	0	0	0	0	0	0	0	0	50.000	50.000
426	Други тековни расходи	300.000	300.000	0	0	0	0	0	0	0	0	300.000	300.000
K40	КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО	470.000	470.000	0	0	0	0	0	0	0	0	470.000	470.000
42	**СТОКИ И УСЛУГИ**	**470.000**	**470.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**470.000**	**470.000**
420	Патни и дневни расходи	40.000	40.000	0	0	0	0	0	0	0	0	40.000	40.000
421	Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт	30.000	30.000	0	0	0	0	0	0	0	0	30.000	30.000
423	Материјали и ситен инвентар	50.000	50.000	0	0	0	0	0	0	0	0	50.000	50.000
425	Договорни услуги	50.000	50.000	0	0	0	0	0	0	0	0	50.000	50.000
426	Други тековни расходи	300.000	300.000	0	0	0	0	0	0	0	0	300.000	300.000

ПОСЕБЕН ДЕЛ - ребаланс
Ниво: Ставка

	54.168.541	55.082.464	150.000	150.000	52.560.639	52.560.639	459.477	459.477	0	0	107.338.657	108.252.580

Категорија Ставка О П И С	Буџетски расходи		Расходи од самофинансирачки активности		Расходи од дотации		Расходи од донации		Расходи од кредити		Вкупни расходи	
	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс
L0 СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА	20.000	20.000	0	0	0	0	0	0	0	0	20.000	20.000
ПРИХОДИ :												
L00 СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА	20.000	20.000	0	0	0	0	0	0	0	0	20.000	20.000
РАСХОДИ :												
42 СТОКИ И УСЛУГИ	**20.000**	**20.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**20.000**	**20.000**
426 Други тековни расходи	20.000	20.000	0	0	0	0	0	0	0	0	20.000	20.000
L00 СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА	20.000	20.000	0	0	0	0	0	0	0	0	20.000	20.000
42 СТОКИ И УСЛУГИ	**20.000**	**20.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**20.000**	**20.000**
426 Други тековни расходи	20.000	20.000	0	0	0	0	0	0	0	0	20.000	20.000

ПОСЕБЕН ДЕЛ - ребаланс
Ниво: Ставка

	54.168.541	55.082.464	150.000	150.000	52.560.639	52.560.639	459.477	459.477	0	0	107.338.657	108.252.580
Категорија Ставка О П И С	Буџетски расходи		Расходи од самофинансирачки активности		Расходи од дотации		Расходи од донации		Расходи од кредити		Вкупни расходи	
	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс
N1 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ	0	0	150.000	150.000	47.660.639	47.660.639	459.477	459.477	0	0	48.270.116	48.270.116
ПРИХОДИ :												
N10 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ	0	0	150.000	150.000	47.660.639	47.660.639	459477	459477	0	0	48.270.116	48.270.116
РАСХОДИ :												
40 ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ	**0**	**0**	**0**	**0**	**30.920.000**	**30.920.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**30.920.000**	**30.920.000**
401 Основни плати	0	0	0	0	22.150.000	22.150.000	0	0	0	0	22.150.000	22.150.000
402 Придонеси за социјално осигурување	0	0	0	0	8.770.000	8.770.000	0	0	0	0	8.770.000	8.770.000
42 СТОКИ И УСЛУГИ	**0**	**0**	**150.000**	**150.000**	**13.140.639**	**13.140.639**	**459.477**	**459.477**	**0**	**0**	**13.750.116**	**13.750.116**
420 Патни и дневни расходи	0	0	0	0	130.000	130.000	50.000	50.000	0	0	180.000	180.000
421 Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт	0	0	20.000	20.000	3.680.000	3.680.000	0	0	0	0	3.700.000	3.700.000
423 Материјали и ситен инвентар	0	0	0	0	1.700.000	1.700.000	287.477	287.477	0	0	1.987.477	1.987.477
424 Поправки и тековно одржување	0	0	50.000	50.000	1.035.639	1.035.639	0	0	0	0	1.085.639	1.085.639
425 Договорни услуги	0	0	60.000	60.000	6.170.000	6.170.000	122.000	122.000	0	0	6.352.000	6.352.000
426 Други тековни расходи	0	0	20.000	20.000	425.000	425.000	0	0	0	0	445.000	445.000
46 СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ	**0**	**0**	**0**	**0**	**130.000**	**130.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**130.000**	**130.000**
464 Разни трансфери	0	0	0	0	130.000	130.000	0	0	0	0	130.000	130.000
48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ	**0**	**0**	**0**	**0**	**3.470.000**	**3.470.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**3.470.000**	**3.470.000**
480 Купување на опрема и машини	0	0	0	0	600.000	600.000	0	0	0	0	600.000	600.000
482 Други градежни објекти	0	0	0	0	2.140.000	2.140.000	0	0	0	0	2.140.000	2.140.000
483 Купување на мебел	0	0	0	0	700.000	700.000	0	0	0	0	700.000	700.000
485 Вложувања и нефинансиски средства	0	0	0	0	30.000	30.000	0	0	0	0	30.000	30.000
N10 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ	0	0	150.000	150.000	47.660.639	47.660.639	459.477	459.477	0	0	48.270.116	48.270.116
40 ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ	**0**	**0**	**0**	**0**	**30.920.000**	**30.920.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**30.920.000**	**30.920.000**
401 Основни плати	0	0	0	0	22.150.000	22.150.000	0	0	0	0	22.150.000	22.150.000
402 Придонеси за социјално осигурување	0	0	0	0	8.770.000	8.770.000	0	0	0	0	8.770.000	8.770.000
42 СТОКИ И УСЛУГИ	**0**	**0**	**150.000**	**150.000**	**13.140.639**	**13.140.639**	**459477**	**459477**	**0**	**0**	**13.750.116**	**13.750.116**
420 Патни и дневни расходи	0	0	0	0	130.000	130.000	50.000	50.000	0	0	180.000	180.000
421 Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт	0	0	20.000	20.000	3.680.000	3.680.000	0	0	0	0	3.700.000	3.700.000
423 Материјали и ситен инвентар	0	0	0	0	1.700.000	1.700.000	287.477	287.477	0	0	1.987.477	1.987.477
424 Поправки и тековно одржување	0	0	50.000	50.000	1.035.639	1.035.639	0	0	0	0	1.085.639	1.085.639
425 Договорни услуги	0	0	60.000	60.000	6.170.000	6.170.000	122.000	122.000	0	0	6.352.000	6.352.000
426 Други тековни расходи	0	0	20.000	20.000	425.000	425.000	0	0	0	0	445.000	445.000
46 СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ	**0**	**0**	**0**	**0**	**130.000**	**130.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**130.000**	**130.000**
464 Разни трансфери	0	0	0	0	130.000	130.000	0	0	0	0	130.000	130.000

ПОСЕБЕН ДЕЛ - ребаланс
Ниво: Ставка

	54.168.541	55.082.464	150.000	150.000	52.560.639	52.560.639	459.477	459.477	0	0	107.338.657	108.252.580
Категорија Ставка О П И С	Буџетски расходи		Расходи од самофинансирачки активности		Расходи од дотации		Расходи од донации		Расходи од кредити		Вкупни расходи	
	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс
48 **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ**	**0**	**0**	**0**	**0**	**3.470.000**	**3.470.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**3.470.000**	**3.470.000**
480 Купување на опрема и машини	0	0	0	0	600.000	600.000	0	0	0	0	600.000	600.000
482 Други градежни објекти	0	0	0	0	2.140.000	2.140.000	0	0	0	0	2.140.000	2.140.000
483 Купување на мебел	0	0	0	0	700.000	700.000	0	0	0	0	700.000	700.000
485 Вложувања и нефинансиски средства	0	0	0	0	30.000	30.000	0	0	0	0	30.000	30.000

ПОСЕБЕН ДЕЛ - ребаланс
Ниво: Ставка

	54.168.541	**55.082.464**	**150.000**	**150.000**	**52.560.639**	**52.560.639**	**459.477**	**459.477**	**0**	**0**	**107.338.657**	**108.252.580**

Категорија Ставка О П И С	Буџетски расходи		Расходи од самофинансирачки активности		Расходи од дотации		Расходи од донации		Расходи од кредити		Вкупни расходи	
	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс
Q0 ЗАшТИТА И СПАСУВАЊЕ	20.000	20.000	0	0	0	0	0	0	0	0	20.000	20.000
ПРИХОДИ :												
Q00 ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ	20.000	20.000	0	0	0	0	0	0	0	0	20.000	20.000
РАСХОДИ :												
42 СТОКИ И УСЛУГИ	**20.000**	**20.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**20.000**	**20.000**
426 Други тековни расходи	20.000	20.000	0	0	0	0	0	0	0	0	20.000	20.000
Q00 ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ	20.000	20.000	0	0	0	0	0	0	0	0	20.000	20.000
42 СТОКИ И УСЛУГИ	**20.000**	**20.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**20.000**	**20.000**
426 Други тековни расходи	20.000	20.000	0	0	0	0	0	0	0	0	20.000	20.000

ПОСЕБЕН ДЕЛ - ребаланс
Ниво: Ставка

		54.168.541	55.082.464	150.000	150.000	52.560.639	52.560.639	459.477	459.477	0	0	107.338.657	108.252.580
Категорија Ставка	О П И С	Буџетски расходи		Расходи од самофинансирачки активности		Расходи од дотации		Расходи од донации		Расходи од кредити		Вкупни расходи	
		Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс
R1	ЗАшТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРИРОДА	90.000	90.000	0	0	0	0	0	0	0	0	90.000	90.000
	ПРИХОДИ :												
R10	ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРИРОДА	90.000	90.000	0	0	0	0	0	0	0	0	90.000	90.000
	РАСХОДИ :												
42	**СТОКИ И УСЛУГИ**	**10.000**	**10.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**10.000**	**10.000**
425	Договорни услуги	10.000	10.000	0	0	0	0	0	0	0	0	10.000	10.000
48	**КАПИТАЛНИ РАСХОДИ**	**80.000**	**80.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**80.000**	**80.000**
482	Други градежни објекти	80.000	80.000	0	0	0	0	0	0	0	0	80.000	80.000
R10	ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРИРОДА	90.000	90.000	0	0	0	0	0	0	0	0	90.000	90.000
42	**СТОКИ И УСЛУГИ**	**10.000**	**10.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**10.000**	**10.000**
425	Договорни услуги	10.000	10.000	0	0	0	0	0	0	0	0	10.000	10.000
48	**КАПИТАЛНИ РАСХОДИ**	**80.000**	**80.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**80.000**	**80.000**
482	Други градежни објекти	80.000	80.000	0	0	0	0	0	0	0	0	80.000	80.000

ПОСЕБЕН ДЕЛ - ребаланс
Ниво: Ставка

		54.168.541	55.082.464	150.000	150.000	52.560.639	52.560.639	459.477	459.477	0	0	107.338.657	108.252.580
Категорија Ставка	О П И С	Буџетски расходи		Расходи од самофинансирачки активности		Расходи од дотации		Расходи од донации		Расходи од кредити		Вкупни расходи	
		Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс
RA	КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ЗАшТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРИРОДА	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0
	ПРИХОДИ :												
RA0	ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРИРОДА (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0
	РАСХОДИ :												
48	**КАПИТАЛНИ РАСХОДИ**	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0
482	Други градежни објекти	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0
RA0	ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРИРОДА (КАПИТАЛ	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0
48	**КАПИТАЛНИ РАСХОДИ**	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0
482	Други градежни објекти	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0

ПОСЕБЕН ДЕЛ - ребаланс
Ниво: Ставка

	54.168.541	55.082.464	150.000	150.000	52.560.639	52.560.639	459.477	459.477	0	0	107.338.657	108.252.580
Категорија Ставка О П И С	Буџетски расходи		Расходи од самофинансирачки активности		Расходи од дотации		Расходи од донации		Расходи од кредити		Вкупни расходи	
	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс
W0 ПРОТИВПОЖАРНА ЗАшТИТА	3.541.506	3.561.506	0	0	4.900.000	4.900.000	0	0	0	0	8.441.506	8.461.506
ПРИХОДИ :												
W00 ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА	3.541.506	3.561.506	0	0	4.900.000	4.900.000	0	0	0	0	8.441.506	8.461.506
РАСХОДИ :												
40 ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ	**2.628.006**	**2.648.006**	**0**	**0**	**4.900.000**	**4.900.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**7.528.006**	**7.548.006**
401 Основни плати	755.000	655.000	0	0	3.529.000	3.529.000	0	0	0	0	4.284.000	4.184.000
402 Придонеси за социјално осигурување	1.308.000	1.428.000	0	0	1.371.000	1.371.000	0	0	0	0	2.679.000	2.799.000
404 Надоместоци	565.006	565.006	0	0	0	0	0	0	0	0	565.006	565.006
42 СТОКИ И УСЛУГИ	**913.500**	**913.500**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**913.500**	**913.500**
421 Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт	590.000	590.000	0	0	0	0	0	0	0	0	590.000	590.000
423 Материјали и ситен инвентар	100.000	100.000	0	0	0	0	0	0	0	0	100.000	100.000
424 Поправки и тековно одржување	150.000	150.000	0	0	0	0	0	0	0	0	150.000	150.000
425 Договорни услуги	43.500	43.500	0	0	0	0	0	0	0	0	43.500	43.500
426 Други тековни расходи	30.000	30.000	0	0	0	0	0	0	0	0	30.000	30.000
W00 ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА	3.541.506	3.561.506	0	0	4.900.000	4.900.000	0	0	0	0	8.441.506	8.461.506
40 ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ	**2.628.006**	**2.648.006**	**0**	**0**	**4.900.000**	**4.900.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**7.528.006**	**7.548.006**
401 Основни плати	755.000	655.000	0	0	3.529.000	3.529.000	0	0	0	0	4.284.000	4.184.000
402 Придонеси за социјално осигурување	1.308.000	1.428.000	0	0	1.371.000	1.371.000	0	0	0	0	2.679.000	2.799.000
404 Надоместоци	565.006	565.006	0	0	0	0	0	0	0	0	565.006	565.006
42 СТОКИ И УСЛУГИ	**913.500**	**913.500**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**913.500**	**913.500**
421 Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт	590.000	590.000	0	0	0	0	0	0	0	0	590.000	590.000
423 Материјали и ситен инвентар	100.000	100.000	0	0	0	0	0	0	0	0	100.000	100.000
424 Поправки и тековно одржување	150.000	150.000	0	0	0	0	0	0	0	0	150.000	150.000
425 Договорни услуги	43.500	43.500	0	0	0	0	0	0	0	0	43.500	43.500
426 Други тековни расходи	30.000	30.000	0	0	0	0	0	0	0	0	30.000	30.000

Член 4

Измената и дополнувањето на буџетот на општина Ранковце за 2023 година влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Ранковце.

Бр. 09 - 911/6
22.09.2023 година
Ранковце

Претседател на Совет на
Општина Ранковце
Александра Стамболиска Јовановска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Планот за Локален економски развој на Општина Ранковце 2023-2028 година

1.Се прогласува Планот за Локален економски развој на Општина Ранковце 2023-2028 година, донесен на 29-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 22.09.2023 година.

2. Планот за Локален економски развој на Општина Ранковце 2023-2028 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-935/4
25.09.2023 година
Ранковце

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Спасовски, с.р.



План за локален економски развој (ЛЕР)
Поддржано од Проектот на УСАИД
„Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите“

ПЛАН ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ
НА ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
(2023-2028 година)

Септември, 2023

USAID
FROM THE AMERICAN PEOPLE

STRENGTHENING RESOURCE MOBILIZATION ACTIVITY

Проект за зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите

Projekt për përforcimin e kapaciteteve për shfrytëzim të resurseve

ОБРАЌАЊЕ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

Почитувани ,

За економски развиена општина со просперитетен развој неопходно е воспоставување на јавно приватен дијалог и конструктивна соработка на сите чинители и засегнати страни за зајакнување на локалната економија, повисоки стандарди и квалитет на живот. Со изработката на План за Локален економски развој како стратешки документ ги презентираме можности на Општина Ранковце, а воедно и ширум ги отвораме вратите за сите кои сакаат соработка, пријателство, партнерство и инвестирање во нашата општина.
Стратегијата за локален еконмски развој претставува акциона програма која ги вклучува сите постоечки ресурси и опфаќа анализи на предности, слабости, можности и закани кои водат кон кохерентен пристап за економски развој на Општината.
Стратешкиот план за локален еконоски развој и другите приоритетни развојни програми на локалната заедница придонесуваат кон воспоставување на партнерство на

локалната власт со приватниот сектор, јавните институции и претставниците на граѓанскиот сектор, од кои се бара континуирана соработка, учење и интеграција меѓу оние кои ги контролираат ресурсите и оние на кои им се потребни со цел постигнување на одредени вредности т.е остварување на визијата.
Стратешкото планирање е процес на планирање преку кој ги утврдуваме приоритетите и во согласност со расположливите ресурси ги одредуваме стратегиите за нивна имплементација, со цел Општина Ранковце од рурална општина да прерасне во пријатно и атрактивно место за живеење.
Изработката на овој стратешки документ со подршка на Американската агенција за развој (УСАИД) преку проектот „Зајакнување на капацитетите и искористување на ресурсите“, ја реализираме во пракса преку дефинирање на идниот локален економски развој на Општината Ранковце, со конкретизирање на идните проекти, кои ќе придонесат за позабрзан економски развој. Истовремено ќе придонесат за подобрување на условите за живот и подобрен квалитет на услугите кон граѓаните на локално ниво.
Искрено се надеваме дека со заеднички сили и тимска работа ќе успееме во целост да го имплементираме овој план кој е од заеднички интерес за развој на локалната заедница.

Со почит,

Градоначалник
Борче Спасовски

ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Општина Ранковце е една од општините во која се спроведува проектот „Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите“ под покровителство на УСАИД каде што една од активностите е и поддршка за подготовка на нови или ажурирање на постоечки планови /стратегии за локален економски развој за период од четири години. Овој документ е самостоен и не претставува дел од некоја поширока стратегија на општината, ниту пак претставува дел од некој друг документ. Планот го идентификува локалниот економски развој како приоритетен и не опфаќа други области како здравство, култура, социјални работи итн. Планот е развиен во партнерство на општинската администрација од Одделението за ЛЕР со претставници од бизнис секторот, НВО итн.
Во процесот на изработка на Планот за локален економски развој со тимска работа е направена анализа на локалната економија и постоечките ресурси, SWOT анализа, визијата на општината, стратешките цели од кои произлезе акцискиот план со предложени активности и финансиска конструкција на истите. При изработката на Планот, се следеше однапред утврдена методологија, развиена од страна на проектот Градоначалници за економски раст (M4EG) финансиран од ЕУ и спроведен во Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Грузија, Молдавија и Украина.
Општина Ранковце во однос на силните страни се карактеризира со поволна географска положба и сообраќајна поврзаност со соседните општини и држави и тоа на север граничи со Република Србија, а на североисток преку Крива Паланка со Република

Бугарија. Во централниот дел на општината по течението на Крива река се протега Славишката котлина со поволни умерено континентална клима погодна за развој на земјоделието додека пак Осоговските планини и планината Герман располагат со хидрографски карактеристики, голем број на сончеви денови и еолска енергија поволни за искористување на обновливи извори на енергија и развој на рурален и планински туризам. Во однос на слабите страни на локалната економија во општината има недостиг на урбанистички планови за населените места, висока стапка на емиграција на работоспособно население и недостиг на предприемачки дух за развој на бизниси на локално ниво , недоволно изградена инфраструктура како предуслов за развој на локалната економија. Како можности во Општина Ранковце се дефинирани искористувањето на финансиската поддршка од странски донации, ЕУ фондови и достапни средства и можности од програмите на национално ниво, за создавање на предуслови како и развој на локалната економија. Заканите пак со кои се соочува локалната економија се надворешни фактори како што се: емигрантска криза (одлив на работоспособно население) политичка, економска и енергетска, законска регулатива со големи рестрикции (казни) за бизнис секторот и рестриктивна примена на казнената политика, природни катастрофи поради климатски промени и загадување на животната средина. За остварување на Визијата “Општина Ранковце препознатлива зелена и еколошка средина , со уредена инфраструктура привлечна за живеење , рекреација и реализација на бизнис идеи,, работната група во рамките на планот за ЛЕР дефинираните 4 Стратешки цели за кои подготви акциски план со детална анализа за секој од предложените проекти со креирање на временска и финансиска рамка за реализација на истиот: Стратешка цел 1 - Привлекување и поддршка на постоечки бизниси; Стратешка цел 2 - Одржлива и безбедна животна средина со рационално искористување на природните ресурси и обновливите извори на енергија; Стратешка цел 3 - Рурален развој и туризам и Стратешка цел 4 - Интензивирање и модернизација на земјоделското производство.

Во Акцискиот План кој е составен дел на Стратешкиот План на Општина Ранковце вкупно се разработени 27 активности.

СОДРЖИНА

ОБРАЌАЊЕ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ.....2
ИЗВРШНО РЕЗИМЕ.....3
СОДРЖИНА.....4
ЛИСТА НА КРАТЕНКИ.....5
ВОВЕД.....6
1.ПРОЦЕС НА ИЗРАБОТКА НА ПЛАН ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ.....7
2. ЛОКАЛНА ЕКОНОМСКА АНАЛИЗА 7
2.1. ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА ОПШТИНА РАНКОВЦЕ.....7
2.2. ДЕМОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ.....8
2.3. АНАЛИЗА НА ЛОКАЛНА ЕКОНОМСКА СТРУКТУРА.....9
3. ЛОКАЛНА СОРАБОТКА И ВМРЕЖУВАЊЕ.....11

4.БИЗНИС ОПКРУЖУВАЊЕ, ТРАНСПАРЕНТНОСТ И АДМИНИСТРАЦИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА ..12
5.ПРИСТАП ДО ФИНАНСИИ.....12
6.ЗЕМЈИШТЕ И ИНФРАСТРУКТУРА 13
7.РЕГУЛАТОРНА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА.....14
8.ВЕШТИНИ ,ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ И ИНКЛУЗИВНОСТ.....14
9. НАДВОРЕШНО ПОЗИЦИОНИРАЊЕ И МАРКЕТИНГ.....15
10. SWOT АНАЛИЗА 16
11.ВИЗИЈА И СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ.....17
12.АКЦИСКИ ПЛАН.....17
13.ШЕМА НА ФИНАНСИРАЊЕ.....22

ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

ЕЛС	Единица на локална самоуправа
СИПР	Североисточен плански регион
БРР	Биро за регионален развој
ЛЕР	Локален економски развој
АВРСМ	Агенција за вработување на Република Македонија
НВО	Невладини организации
ГО	Граѓански организации
МЗ	Месна заедница
РСМ	Република Северна Македонија
ЕУ	Европска Унија
ДЗС	Дирекција за заштита и спасување
ИПАРД	Инструментот за претпристапна помош на Европската Унија наменет за рурален раз
ИПА	Инструмент за предпристапна помош
ГУП	Генерален урбанистички план
ДУП	Детален урбанистички план
USAID	Агенција за меѓународен развој на Соединетите Американски Држави
UNDP	United Nations Development Program – Развојна програма на обединетите Нации
МСП	Мали и средни претпријатија
АФПЗРР	Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и рурален развој
АПРЗ	Агенција за потикнување и развој на земјоделството
МЛС	Министерство за локална самоуправа
МЗШВС	Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
МТВ	Министерство за транспорт и врски
МСП	Мали и средни претпријатија
МЖСПП	Министерство за животна средина и просторно планирање

ВОВЕД

Изработката на План за Локален економски развој на Општина Ранковце како стратешки документ е еден од сегментите кој е подржан и изработен во рамки на проектот на УСАИД „Зајакнување на капацитетите за рационално искористување на ресурсите„ со цел да се одговори на актуелните економските предизвици за јакнење на локалната економија, преку вклученост на сите засегнати страни и искористување на сите можности и ресурси за спроведување на истиот за зголемен раст и развојот на вработеноста и поквалитетен живот на локално ниво .

Проектот за општината е поддршка и насока за рационално искористување на постоечките ресурси и капацитети за пружање поквалитетна и по транспарентна услуга за граѓаните и бизнисите, како и нивно вклучување во донесувањето на одлуки за локалниот економски развој во рамки на заедница. Изработката на овој план е приоритет за општината бидејќи важноста на постоечкиот Интегриран План за Локален Развој (ИПЛР) е до крајот на 2022 година и е неопходно ревидирање и изработка на нов кој воедно е и надоградба на постоечките плански документи на општината и се она што не е реализирано и е од приоритетно значење се пренесува за реализација во овој плански документ со вклучување на нови приоритетни активности .

Во согласност со стандардите на проектот општината воспостави партнерство со граѓанскиот и приватниот сектор, при што е формиран тим за изработка на План за ЛЕР составен од представници на општинската администрација како носители на процесот, а донесување со транспарентно вклучување на невладиниот сектор, бизнис секторот и јавниот сектор на локално ниво кои активно ќе бидат вклучени и во имплементацијата и мониторингот на истиот.

Отпочнувањето на постапката за изработка на Планот за ЛЕР на Општина Ранковце се одвиваше паралелно со организирање на буџетскиот форум со што директно се предвиде буџет, односно се утврдија приоритети кои се дел од овој план и се вклучени во општинскиот буџет за 2023 година. За целокупната реализација на Планот е предвиден Акцискиот план кој е составен дел од овој документ.

1. ПРОЦЕС НА ИЗРАБОТКА НА ПЛАН ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Изработката на Планот за ЛЕР траеше 6 (шест) месеци, низ 4 (четири) работилници организирани од страна на УСАИД во рамки на Проектот „Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите„ . Првата работилница за дизајнирање на ЛЕР Планови се одржа на 26-27.10.2022 година, на која всушност е направен првиот чекор и беше дефиниран процесот на изработка на планот, па се до последната четврта работилница која се одржа на 6-7.04.2023 година каде што беа презентирани драфт верзиите од изготвените планови. При изработката на Планот, се следеше однапред утврдена методологија, развиена од страна на проектот Градоначалници за економски раст (M4EG) финансиран од ЕУ и спроведен во Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Грузија, Молдавија и Украина.

Чекорите кои беа преземени при изработката на Планот се следните:

- Иницирање на соработка кој се одвиваше паралелно со одржување на буџетскиот форум
- Одржани работни состаноци и поставување на цели за изработка на планот
- Формирање на тимови
- Преглед на литература и теренски истражувања
- Организација на средби со засегнатите страни
- Изработка на план
- Презентација и усвојување на планот

Процесот за изработка на Планот за ЛЕР е спроведен во консултација со бизнис секторот, јавниот сектор, граѓанскиот сектор и локалната самоуправа на повеќе одржани работни средби, и иститот исклучително е насочен и го третира економскиот развој на општината.
Беа одржани 4 (четири) работни средби помеѓу бизнис секторот, граѓанскиот сектор и локалната самоуправа во периодот од октомври 2022 година до април 2023 година и голем број на неформални средби и телефонски повици преку кои сите засегнати страни со своите прашања, одговори, предлози и сугестии дадоа голем придонес во развивањето на овој документ кој всушност ги отсликува потребите на граѓаните во нашата општина.

2. ЛОКАЛНА ЕКОНОМСКА АНАЛИЗА

2.1. ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА ОПШТИНА РАНКОВЦЕ



Територијата на Општина Ранковце се наоѓа во североисточниот дел на Република Македонија. Таа го зафаќа најголемиот просторот на Славишката котлина која му припаѓа на сливното подрачје на Крива Река со течение низ централниот дел на општината**.** На југисток се протегаат Осоговските планини на север планите Биљино и Герман. Таа се граничи со Општините Крива Паланка, Кратово, Старо Нагоричане и на север со Општина Трговиште (Република Србија). Низ неа минува значајниот патен правец кој го поврзува јужниот дел на Балканот со Истамбул и Мала Азија денес познат како коридор 8 кој е во фаза на изградба. Сообраќајно е поврзана со магистралниот пат А-2, на југозапад со Куманово (50км) и со Скопје (80км), на исток со Крива Паланка (20км) со тоа и кон североисток преку граничниот премин Деве Баир со Ќустендил (60км) Р.Бугарија и на југ со Кратово (25км) и на север со Општина Трговиште (Република Србија), од тука може да се заклучи дека нејзината комуникациска положба е задоволителна односно има солидна сообраќајна поврзаност. Општина Ранковце е мала рурална општина која претставува природна, географска и економска целина на 18 населени места, зафаќа површина од 242,55 km², седштето на општинскиот центар е лоцирано во село Ранковце.

Од населените места 6 населени места се со урбани карактеристики, 14 се со ридско планински карактеристики (Баратлија, Герман , Гулинци, Криви Камен, Мултинце, П′клиште , Станча , Радибуш, Отошница, Вражогрнци и дел од селата Псача , Опила, Одрено и Петралица и едно населено место е погранично (Герман) и само 4 населени места се од рамничарски тип (Ранковце, Љубинци, Ветуница и Гиновци). По пописот од 2021 година во општината живеат 3465 жители од кои 1823 се мажи (53 %) и 1637 (47 %) се жени , што се однесува на етничката припадност 95 % се македонци, 4,13% роми и останати 0,87 % . Од вкупниот број население 16% (557) се деца од 0-15 години, 65% (2 265) се работноспособно население од 16-64 години и 19% (642) се старо население над 65 години. Во последните неколку години во Општина Ранковце е забележителен трендот на иселување на младото работноспособно население, а враќање на старото население од урбаните средини на имотите кои ги поседуват на територијата на општината и по интензивна градба на викенд куќи.

2.2. ДЕМОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ, СТРУКТУРА НА НАСЕЛЕНИЕ СПОРЕД ЕТНИЧКА ПРИПАДНОСТ, ПОЛ И ВОЗРАСТ И СТРУКТУРА НА НЕВРАБОТЕНИ ЛИЦА СПОРЕД КЛАСИФИКАЦИЈА

попис година	**1948**	**1953**	**1961**	**1971**	**1981**	**1994**	**2002**	**2021**
Број на население	10636	11608	11294	8486	5888	4376	4144	3465
Број на домаќинства	1520	1652	1600	1415	1400	1500	1467	1323
Број на станови	1795	1868	1720	1471	1593	2038	2019	2654

Табеларен приказ за број на населенеие, домќинства и станови низ годините

Гледано низ историјата бројот на населението варира, тоа се должи на големите востанија и војните кои се воделе во овој крај, како и миграцијата.
За динамиката на бројот на населението во поновиот период ќе истакнеме дека најголем број бележи во 1953 година со бројка од 11 608 жители од тогаш па се до денес бројот на населението се намалувало се повеќе и повеќе така да во 2021 година бројката опаѓа на 3465 жители. Ова опаѓање се должи како резултат на укинувањето на општината односно запоставената инфраструктура во селата пред се поради лошата политика на централно ниво за развој на руралните и емиграцијата предизвикана од економскиот фактор . Просечната густина на жители е 18,3 ж. на км^2.

Во моментот на територијата на општина Ранковце се забележува доста хомоген етнички состав. Од податоците во поглед на националната-етничка структура се забележува дека речиси целото население односно 95 % се изјаснуваат како македонци, 4,13 % роми и 0,87 останати.

Според половата структрута од вкупниот број на население во Општина Ранковце 53% односно 1823 се мажи и 47 % односно 1637 се жени.

Што се однесува до возрасните групи најголем процент на населението е работноспособно на возраст од 16 до 64 годишна возраст, додека најмал процент од населението е над 85 годишна возраст.

1. *Табеларен приказ за етничка структура на населението*

Македонци	Роми	Турци
3127	143	1

2. *Табеларен приказ за полова структура на населението*

мажи	жени
1 828	1 637

3. *Табеларен приказ за возрасна структура на населението*

0-4	5-9	10-14	15-19	20-24	25-29	30-34	35-39	40-44	45-49	50-54	55-59	60-64	65-69	70-74	75-79	80-84	85+
175	199	183	160	202	236	231	209	225	225	241	275	262	251	170	95	76	50

4. *Табеларен приказа на невработено населени според класификацијата*

	Без основно обр.	Основно нижо обр.	Основно обр.	Средно стручно обр.	Средно обр.	Прв циклус на студии 180	Прв циклус на студии 240
вкупно	18	27	281	68	100	1	11
мажи	4	10	127	36	41	/	2
жени	14	17	154	32	59	1	9

Од приложеното може да се забележи дека најголем број на невработени лица во Општина Ранковце се со основно образование, додека најмал број од невработеното население се со прв циклус на студии (180)., 18 лица се без основно образование, 27 со основно нижо образование, 68 со средно стручно образование, 100 со средно образование и 11 лица со прв циклус на студии (240). Во сите категории поголем е број на невработени жени, што се должи на повеќе фактори, некои од

нив се: грижа за децата и домот, немање на целодневен престој во градинката во општината, одалеченоста на работните места од местото на живеење итн.

2.3. АНАЛИЗА НА ЛОКАЛНАТА ЕКОНОМСКА СТРУКТУРА

Во моментот во Општина Ранковце егзистираат 73 микро претпријатија, 15 мали претпријатија и 1 средно претпријатие , за жал сеуште нема големи претпријатија кои делуваат на територијата на нашата општина.
Најбрзорастечка фирма од 2018 година до денес е ЕкоЛајф пелети средно голема фирма со висока технологија за производство на пелети.
Општината е позната по најдобрите мајстори /градежници во земјава и пошироко, на нашата територија успешно функционират 8 микро и 5 мали градежни фирми со променлив број на вработени, зависно од сезоната.
Еколошки чистата средина и природните бенифити се причина за подем е развој на туризам (особено руралниот , планински и спортско рекреативниот туризам) како и угостителската дејност и проширување на сместувачко угостителските капацитети ресторан ,,Парк с.Гиновци,, и ,,Етно ресторан Ранч,, с.Радибуш. Иако во централното подрачје на општината се наоѓа Славишко поли на кое во 90 -те години егзистирае ЗК Малина (која ги опфакаше речиси сите гранки од земјоделието) со над 300 вработени со осамостојувањето и транзицијата земјоделието во општината беше доведено само на индивидуално земјоделско производство за сопствени потреби и многу мали количини за пазар . Во општината се наоѓаат капацитети на една од нај-модерните фарми за инкубирање и одгледување на живина од балканските простори кои се во фаза на ревитализација и модернизација со план за доградба и заживување на истите како можност за економски подем на земјоделието во општината и регионот .
Во изминативе 10-тина години со мерките за субвенционирање на оваа гранка е забележан тренд на отварање на мали бизниси со подигање на овошни насади од коскести овошја, малини, вишни, круши и сл. како и производство на компир, со забелешка произлезена од секторот земјоделие дека ова гранка стагнира поради отсуство на загарантирана цена како и одалеченост на откупни центри и недостиг на преработувачки капацитети за земјоделски производи и добивање на финален производ .
Иако постојат идеални услови за развој на сточарството во последните 2-3 години е забележан тренд на опаѓање кај индивидуалните сточари како и во постоечките капацитети Живинарски фарми и Свињарска фарма кои се со многу мал капацитет на искористеност иако се приватизирани (потенцирана причина несигурен пласман и ризик од епидемиите кои се застапени). Климатските промени имаат негативно влијание врз пчеларството како гранка со што е забележан тренд на опаѓање и во оваа област .
Општината располага со наоѓалишта на минерални суровини кварц, гнајсни шкрилци, туф и бентонитна руда. Во оваа област од 2004 година успешно работи Друштво за трговија и услуги АЛГО НЕМЕТАЛИ ДОО кое се занимава со експлоатација и преработка на гнајсни шкрилци и преработувачки процес за добивање на кмени плочи и тули за декоративно уредување на внатрешни и надворешни површини. Со неодамнешната приватизацијата на рудникот Бентомак која во 70 години од минатиот век имала околу 450 вработени се очекува експлоатацијата на бентонитната руда , а со тоа и развојот на рударството како гранка да тргне во нагорна линија.

Табеларен приказ на економска локалната структура

Вид на економска активност	Број и % на компании (според класификација)			
	Микро	**Мали**	**Средни**	**Големи**
Рударство	**2**			
Индустриско производство		3		
Земјоделство	12	1		
Преработувачка индустрија	1		1	
Трговија	33			
Медицински услуги	3			
Restaurants, cafes, bars etc.	4	3		
Хотели, хостели, итн..	4	3		
ИТ услуги				
Transport	3			
Градежништво	8	5		
Комуникациски услуги	1			
Ветеринарна	2			










Јона
Свежо пилешко
Јона Пиле - во најблискиот маркет до вас
свежо пилешко за целото семејство!



1. ЛОКАЛНА СОРАБОТКА И ВМРЕЖУВАЊЕ

Силните страни на Општина Ранковце во однос на локалната соработка и вмрежување се: воспоставената меѓуопштинска соработка со две општини, со Општина Крива Паланка во делот на противпожарната заштита и со Општина Куманово во делот на градежна и комунална инспекција и двете соработки влијаат позитивно за нашата општина и вклученост на граѓаните во процесот на планирање и креирање на буџетот односно за прв пат во нашата општина е одржан Буџетски форум во кои граѓаните дадоа свои предлози за креирање на буџетот на општината за 2023 година. Слабите страни се однесуваат на недостиг на интерес за воспоставување на јавно-приватни партнерства односно вмрежување на јавниот, приватниот и невладиниот сектор. Во моментот соработката меѓу Општина Ранковце и бизнис секторот е минимална и со негативно влијание на локалната економија. Причината за ваквата состојба е недоволната иницијатива за воспоставување на соработка, но и одреден процент на недоверба што бизнис секторот ја има кон институциите. Исто така и соработката меѓу самиот бизнис сектор е на незадоволително ниво, станува збор за мала општина со мал број на жители, мал број на приватни бизиси па со само тоа и тие меѓусебе се доживуваат како конкуренција. Многу мал процент од бизнис секторот имаат свои неформални средби и состаноци, но и тие претежно се сведуваат на моменталната општа состојба во општината, а не на некоја иницијатива за конкретна соработка. Општината се труди активно да соработува со Агенцијата за вработување каде преку разни форми на информирање, промоција и запознавање на работодавачите со активните мерки, услуги и програми за вработување ќе придонесе за намалување на невработеноста и унапредување на приватниот сектор во општината, а со тоа ќе се намали и недовербата што бизнис секторот ја има во институциите и ќе се подобри соработката помеѓу овие два релевантни чинители. Исто така Општина Ранковце има воспоставено прекугранична соработка со Р.Бугарија и активно соработува со Североисточниот плански регион, учествува во изработката на Програмата за развој на планскиот регион и има голема поддршка од таа страна. Општината дава максимални напори за подобрување на соработката со сите институции, да креира синергија, заеднички да спроведува проекти и успешно да ги реализиира своите таргети бидејќи само на тој начин може да се постигне напредок во заедница и локалната економија.

2. БИЗНИС ОПКРУЖУВАЊЕ, ТРАНСПАРЕНТНОСТ И АДМИНИСТРАЦИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Локалната самоуправа на чело со градоначалникот и одделенијата, во секојдневното свое работење остварувааат редовни контакти со граѓаните, се вршат посети во нивните средини на живот и работа, се врши отчетност и транспарентност со информирање на електронските медиуми и социјални мрежи. Надворешната комуникација и информирање се одвива преку објави на огласни табли во населените места , со достава на редовна и електронска пошта до засегнатите страни и преку објави на официјалните страни од социјални мрежи. Силни страни на Општина Ранковце во однос на бизнис опкружување, транспарентност и администрација без корупција се отворените и достапни услуги за сите клиенти односно максимално залагање на локалната самоуправа за брза и ефикасна

услуга и излегување во пресрет на бизнис секторот и можните инвеститори (брзии ефикасни средби, излегување во пресрет во рамки на законот и можностите). Слабите страни се однесуваат на несоодветната кадровска екипираност во локалнта администрација, како и недостиг на квалитетна техничка опременост, дигитализација и ИТ лице за брзо надминување на технички пречки и бариери за поефикасна услуга. Бизнис секторот се соочува со одредени предизвици при својот развој, земјоделството се бори со непостоење на откупни центри и загарантиран откуп, необработени земјоделски површини дадени под концесија (несоодветни концесионери) и малите субвенции кои ја потиснуваат и гасат желбата за развој. Од друга страна пак индустријата и туризмот се соочуваат со недоволната промоција и маркетинг како и недоволната искористеност на постоечките капацитети. Меѓутоа она што е заедничко за бизнис секторот е тој недостиг од информации за финансирање и обуки за развој на мали бизниси, транспарентни и достапни информации, квалитетни бизнис идеи како и помош и поддршка од идеја до реализација. Постои простор за подобрување на транспарентноста во општината преку континуирана објава на достапнте повици за аплицирање и изворите на финансирање, финансиски извештаи, буџет, завршни сметки, јавни набавки, годишни планови, соопштенија за јавна презентација и јавни анкети на општинската веб страна.

3. ПРИСТАП ДО ФИНАНСИИ

Финансиите играат клучна улога во развојот на деловните екосистеми, бидејќи им овозможуваат на компаниите да спроведуваат истражувања, да применуваат соодветни технологии за деловна дејност, како и да ги развијат и да ги комерцијализираат деловните активности. Информациите за постоечките извори на финансирање за развој на бизнисот се ограничени, не секогаш веродостојни и достапни особено за малите општини. На новите претприемачи им недостигаат полесно достапни информации за потенцијалните домашни и надворешните извори на финансирање особено во раните фази на развојот на бизнисот, бидејќи во оваа фаза компаниите се соочуваат со финансиски и правни бариери за отпочнување и развој на бизнис идеите .

Компаниите можат да користат различни инструменти обезбедени од различни видови на финансиски посредници, инвеститори или друг тип организации, за да ги финансираат деловните активности. Во моментот финансирањето на приватниот сектор во Општина Ранковце е лимитирано, така што можностите за отпочнување на нов и проширување на постоечки бизнис се релативно тешки, бидејќи Општина Ранковце на својата територија нема ниту една филијала на банка и затоа овие услуги ги користи во склоп на Крива Паланка. На територијата на Крива Паланка фигурираат Стопанска Банка, Тутунска Банка, Централна Кооперативна Банка и Уни Банка, заедничко за сите нив кај сите нив е недостатокот на информации за своите услуги и кредитни линии и како да се дојде до нив. Приватниот сектор има потреба од пониски камати, полабави услови за финансирање како и подетални информации за останатите финансиски институции на државно ниво кои кредитраат микро, мали и средни претпријатија. Малите и средни претпријатиа во иднина можат да обезбедат пристам до бинансии и преку Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија (АВРСМ) која нуди низа програми и проекти со кои директно им се помага не само на невработените лица, тука и на малите и средните компании, преку Националните програми кои се спроведуваат преку министерствата, Министерство за економија нуди низа на програми за поддршка и развој на малите и

средни компании, ФИТР нуди низа на инструменти наменети на малите и средните претпријатија од сите региони: Кофинансирани грантови за старт-ап; Спин-оф трговски друштва и иновации; Кофинансирани грантови и условени заеми за комерцијализација на иновации; Кофинансирани грантови за трансфер на технологии; Техничка помош преку деловно-технолошки акцелератори. Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството (АПРЗ), нуди низа услуги за МСП од областа на земјоделието. Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) овозможува ефикасно управување со финансиските средства како од Буџетот на РСМ, така и со средствата од претпристапната помош на Европската унија наменети за руралниот развој, и притоа нудејќи поддршка на земјоделските стопанственици и бизнис секторот за нивно искористување. Исто така и постоењето на донаторски и меѓународни механизми за финансирање на претпријатијата се од голема корист за сите микро, мали, средни и големи претпријатија, една од тие програми е ИПАРД програмата. Искористеноста на овие извори на финансирање во моментот е многу ниска. Причината за ваквата ситуација лежи во недостигот на секојдневната услугата (нема канцеларија) на територијата на Општина Ранковце од подрачни единици на министерството за Земјоделие односно Агенцијата за потикнување и развој на земјоделството, канцеларија на АВРСМ како и подостапни правни и финансиски услуги (нотар, адвокат, банки и банкомат). Општина Ранковце во иднина интензивно ќе работи да ги доближи овие инструменти и програми до граѓаните, микро, малите и средни претпријатија, како и да обезбеди континуирани и достапни информации во врска со повиците за аплицирање и можностите за финансирање.

4. ЗЕМЈИШТЕ И ИНФРАСТРУКТУРА

Силни страни на општината во однос на земјиште и инфраструктура се: објекти во јавна сопственост кои би можеле да се искористат за потребите на бизнис секторот (за дел од кои има и изработена техничка документација за пренамена и адаптација), во селото Псача е лоцирана и ТИРЗ Ранковце надлежноста на оваа зона и припаѓа на Дирекцијата за технолошко-индустриски развојни зони, но секако можност што треба да се искористи со цел привлекување на странски инвестиции и унапредување на локалната економија како и Стопански комплекс Криво Крушче во близина на селото Ранковце со пристапна патна инфраструктура и намена за лесна незагадувачка индустрија. Слабите страни се: недостиг на конкурентност и маркетинг како главната причина за недоволна искористеност расположливо земјиште и објекти, недостиг на претприемачки дух, недостиг на обуки и правна помош на локално ниво за отпочнување и развој на мали бизниси, несоодветна инфраструктура (локални пристапни патишта, комунална инфраструктура и стари објекти за кои е потребна реконструкција и преадаптација) како и нефункционирањето на ТИРЗ Ранковце.

Општина Ранковце во периодот што следи максимално ќе се посвети на подобрување на маркетинг и промоција на можностите за подобрена конкуретноста на локалните бизниси како и спроведување на обуки за реализација на бизнис идеи за јакнење на локалната економија со искористување на расположливите ресурси (земјиште и инфраструктура) за повисоки стандарди за живот .

5. РЕГУЛАТОРНА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Силни страни на Општина Ранковце во поглед на регулаторна и институционална рамка се: мала и достапна општина за сите со доволен број на вработени додека пак слабите страни се однесуваат на недостигот на електронски услуги односно дигитализација на општината. Не доволната подршка, комплицираните и неусогласени процедури, несодветната координација помеѓу власта на локално и централо ниво и нерамномерниот развој, односно несоодветните политики за распределба на финансите како и бавната децентрализација се дел од факторите кои придонесува за недоволна кадровска екипираност особен ЕУ фондовите. Обемната и скапа документација, долгите процедури на голем дел од министерствата, исклучително негативно влијаат на подобрување на бизнис климата во општината. Централизираноста (на државата) во носењето на одуки, буџет, распределбата на средства, дополнително негативно влијаат на економскиот перформанс на општината. Конкретно, издвоените пари на централно ниво наменети за општините, поминуваат низ неколку паралелни институции, наместо директно да се слеваат во нивните буџети. Скапите и долги процедури за донесување на урбанистичко планска документација, кои се предуслов за изградба на индутриски и комерцијални капацитети, исто така значително го успоруваат економскиот развој на општината. Во случаите каде постои урбаниситичко планска документација, издавањето на одобрението за градби е релативно брзо и е во поедноставена процедура преку електронски систем.

6. ВЕШТИНИ, ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ И ИНКЛУЗИВНОСТ

Развојот на работната сила вклучувајќи ги инклузивноста и еднаквите можности е релативно нов концепт и предизвик за Општина Ранковце. Образовниот систем и пазарот на труд несоодејствуваат. Во Општина Ранковце има само основно општинско училиште, средно образование има во Општина Крива Паланка само со неколку стручни насоки, меѓутоа и тие недоволно прилагодливи на пазарот на труд. Како на национално, така и на локално ниво, младите се незадоволни од своето место во општеството и немотивирани за започнување на бизнис во средина каде не се слуша нивниот глас. Високиот степен на незадоволство всушност претставува последица на повеќегодишната негрижа, ексклузија на младите во донесувањето на одлуки и незастапување на младински политики. Поголемиот од работоспособното население и дел од средношколците по завршувањето на своето образование засекогаш ја напуштаат општината и одлучуваат да започнат со работа во некои од соседните градови како и главниот град, перцепирајќи ги како поатрактивни. Во Општина Ранковце е неопходен развојот на бизнис секторот затоа што населението се соочува со голем недостаток на секојдневни услуги како што се пред се медицинските услуги, финансиски услуги, правни услуги, фризерници, автомеханичари, перални за коли, цвеќарници, сендвичари и многу други и за остварување на истите населението мора да ги посети соседните општини, а со тоа се губи и време и пари. Заинересираноста за остварување на приходи преку земјоделските производи е со намален интензитет. Во иднина со цел да се помогне на бизнис секторот и за намалување на невработеноста потребно е да се следат програмите и обуките што ги нуди АВРСМ со цел прекфалификација и докфалификација според потребите на пазарот на труд, со што ќе се разбуди претприемачкиот дух кај

младите и ќе се одговори на реалните потреби на пазарот на труд за што е неопходно отварање на канцеларија на центарот за вработување Крива Паланка која секојдневна и подостапна услуга на граѓаните на општина Ранковце . Младите во општината треба да се насочуваат кон оние бизниси кои фалат во нашата општина, на тој начин ќе се подобри состојбата во општината и услугите ќе бидат достапни за граѓаните.

7. НАДВОРЕШНО ПОЗИЦИОНИРАЊЕ И МАРКЕТИН

Во моментот Општина Ранковце се перципира како мирна средина со изобилство од природни ресурси, чист воздух, вкусна храна, богато културно и природно наледство, погодна средина за развој на рурален туризам и еднодневни прошетки, искористување на обновливи извори на енергија и ревитализација на постоечки капацитети за развој на нови бизниси. Токму овие карактеристики ја претставуваат силната страна на општината во поглед на надворешното позиционирање и маркетиг, додека пак слабите страни се недоволната искористеност на природните ресури, слаба финансиска моќ и недоволна промовираност. Во минатото Општина Ранковце била препознатлива како општина на земјоделството, рударството и добрите градежни мајстори. Денес за жал сите овие гранки се со намален интензитет како последица на долгиот процес на транзиција, пропаѓање и приватизација на големите капацитети како што се АД Малина, Бентомак, Живинарски фарми од кои егзистирале над 700 семејства. Сето ова придонело до забрзан процес на емиграцијата на младо работноспособно население во урбаните средини и надвор од државата и до пад на локалната економија. Перцепцијата на



жителите е дека недостига информираност и промоција на економските развојни можности достапни за инвеститорите со цел нивно привлекување и соодветна локална инфраструктура како предуслов за економски развој. Во иднина Општина Ранковце активно ќе работи на подобрување на надворешнато позиционирање преку промоција на расположливите ресурси и привлекување на инвестиции (транспарентни и достапни податоци за општината), иницијатива за подобрување на туризмот и туристичката понуда на локално ниво (споделување на позитивни примери и обуки за развој на рурален туризам на локалните жители за развој на мали бизниси, изнаоѓање на начин за адаптација и ставање во функција на постоечки капацитети кои се планирани за оваа намена, туристички маркетинг и сл.), со што ќе дојде и до зајакнување на локалната економија и подобар стандар на живот на жителите на општината.

8. SWOT АНАЛИЗА

СИЛНИ СТРАНИ ***STRENGTHS***	***СЛАБИ СТРАНИ*** ***WEAKNESSES***
• **Задоволителна сообраќајна поврзаност (локална и регионална)** • **Еколошки чиста средина богата со природни ресурси** • **Квалитетно земјоделско земјиште (компир, пченка,) и доволно обработливи површини (Славишко поле)** • **Изграден систем за наводнување на Славишко поле** • **Гасоводен систем низ територијата на Општина Ранковце (поминува главна гасоводна мрежа)** • **ТИРЗ Ранковце** • **Стопански комплекс Криво Крушче** • **Атрактивни локации за туризам Викенд зона П`клиште, езера, ресторани со мотели за туризам, спорт и рекреација** • **Брза и ефикасна услуга во рамки на општината**	• **Недостиг на урбанистички планови** • **за населените места со потенцијал** • **за развој на рурален туризам** • **Недостаток на професионални** • **Висок % на емиграција на младо работоспособно квалификувано население** • **Неизградена секундарна гасоводна мрежа во општината (со изграден крак само до рудник Бентомак)** • **Недостаток на претприемачки дух** • **Недоволна искористеност на јавни објекти во општината (стари училишта, продавници)** • **Несодветно уреден зелен пазар** • **Недостиг од сместувачки капацитети (посебно на хотелско сместување)** • **Недоволно промовирана општина** • **Слаба економска моќ на жителите на општината** • **Неусогласена квалификација на работната сила со потребите на пазарот** • **Непостоење на јавен превоз**
МОЖНОСТИ ***OPPORTUNITIES***	***ЗАКАНИ*** ***THREATS***

• **Зголемена заинтересираност за рурален туризам** • **Изградба на железничка пруга и експресен пат** • **Засилен тренд на користење на обновливи извори на енергија** • **Искористување на ЕУ фондови и фондови за прекугранична соработка** • **Искористување на финансиски средства од домашни и странски донатори (USAID , UNDP, јапонска амбасада, швајцарска амбасада и др.)**	• **Миграци** • **Економска криза** • **Енергетска криза** • **Несигурно и нестабилно политичко окружување** • **Климатски промени и природни катастраофи** • **Висока стапка на корупција на државно ниво** • **Законска регулатива со големи рестрикции (казни) за бизнис секторот** • **Нерамномерност во развојот во регионите и рурални /урбани општини**

Врз основа на направената SWOT анализа Општината Ранковце како еколошки чиста незагадена рурална средина ќе се насочи кон максимално искористување на сопствените капацитети, ресурсите и механизми за промоција на локланите можности за развој на локалната инфраструктура, бизнис клима и рурален туризам за подобар квалитет на живот, намалување на миграцијата и јакнење на локалната економија.

9. ВИЗИЈА И СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ

ВИЗИЈА

“Општина Ранковце препознатлива зелена и еколошка средина, со уредена инфраструктура привлечна за живеење, рекреација и реализација на бизнис идеи„

СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ

- ***Стартешка цел 1:*** **Привлекување на нови и подршка на постоечки бизниси**
- ***Стратешка цел 2:*** **Одржлива и безбедна животна средина со рационално искористување на природните ресурси и обновливите извори на енергија**
- ***Стартешка цел 3:*** **Рурален развој и туризам**

- ***<u>Стартешка цел 4:</u>*** **Интензивирање и модернизација на земјоделското производство**

12. АКЦИСКИ ПЛАН

Градежни блокови	***Клучни (стратешки) цели***	***Активности /проектни идеи***	***Времетрање (почеток/крај)***	***Вклучени партнери***	***Предвидени трошоци (МКД)***	***Резултати (директни (outputs))***	***Мониторинг индикатори***
1.Надворешно позиционирање и маркетинг 2.Вештини и човечки ресурси 3.Земјиште и инфраструктура	1.Привлекување и подршка на инвестиции и продуцирање на соодветни и образовни кадри за потикнување на нови и развој на постоечките бизниси	1.1. Изработка на водич за инвестициски можности на Општина Ранковце	2024	Општина Ранковце	60.000,00	Изработен водич со насоки за инвестирање	Изработен водич за инвестиции ,број на испечатени примероци , број на прегледи на електронска верзија
		1.2. Формирање на база на податоци за понуда и побарувачка на пазарот на труд	2024	Општина Ранковце	0,00	Достапни информции за актуелната состојба на пазарот на труд за продуцирање на кадри согласно потребите	Број на наведени претставници од стрна на понудата (поединци) и побарувачката (компании)
		1.3 Организирање на обуки за основање на нов бизнис	2024-2028	Општина Ранковце АВРСМ, СИПР и други	20.000,00	Организирани 4 обуки за основање и отпочнување на нов бизнис	Број на организирани обуки број на учесници на обука број на сертифицирани лица на годишно ниво
		1.4. Иницирање и одржување на средби со потенцијални инвеститори	2024-2028	Општина Ранковце Дирекција за технолошки индустриски развојни	10.000,00	Воспоставување на дијалог на засегнатите страни (локална ,централна власт и можни	Број на одржани средби , број на реализирани бизнис идеи

				зони АВРСМ, СИПР и др.		инвеститори)	
		1.5. Организирање на обуки и инфо средби за подобрување на капацитетите на стопанските субјекти за искористување на можностите за финансирање од програмите и фондовите	2024-2028	Општина Ранковце, локални стопански субјекти , ГО ,Стопанска комора , Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот	20.000,00	Информирани и подготвени стопанските субјекти за апликации до ЕУ фондови и други донаторски програми	Број на одржани обуки и инфо средби ,број на стопански субјекти на обука , број на учесници
		1.6. Формирање на Локален економски совет	2024	Општина Ранковце, УСАИД, локални компнии АВРСМ - Центар за вработување е - Крива Палнка и др .	10.000,00	Воспоставување на дијалог за активно вклучување на сите чинители во процесот на одлучување по најважните прашања од економско значење за развој на локалната заедница.	Листа на членови на советот Број на одржани состаноци и број на учесници Број на одржани работилници и Број на учесници
		1.7. Изработка на техничка документација за пристапна и комунална инфраструктура и инфраструкн	2024-2028	Општина Ранковце, БРР, УНДП и други донатори	1.500.000,00	Создавање на предуслови за привлекување на инвеститори и развој на бизнисите	Број на изработени технички документации на годишно ниво

		и проекти за развој на бизниси					
		1.8 Изградба на комунална и патна инфраструктура за поповолна бизнис клима	2024-2028	Општина Ранковце , МЛС , МЖСПП , БРР, АФПРР , УСАИД , УНДП ЕУ фондови -ИПА , ИПАРД и други	--	Создавање на предуслови за привлекување на инвеститори и развој на бизнисите	Број на реализирани проекти (улици ,локални патишта , регулации на водотеци , канализации , водоснабдителни системи , партерно уредување на локации и сл)
		1.9.Реконструкција и преадаптација на локални објекти за бизнис намена	2024-2028	Општина Ранковце , МЛС - БРР, АФПРР , УСАИД , УНДП ЕУ фондови -ИПА , ИПАРД и други	-	Ревитализација на стари објекти за реализација на бизнис идеи	Број на ревитализирани постоечки објекти , број на нови бизниси
1.Надворешно позиционирање и маркетинг 2. Пристап до финанасии 3.Земјиште и инфраструктура	2. Одржлива и безбедна животна средина со рационално искористување на природните ресурси и обновливите	2.1. Јакнење на капацитетите на ЈКП „Чист ден „	2024-2025	Општина Ранковце , МЖСПП , ИПА , амбасади и др.	-	Ефикасна и достапна комунална услуга за сите	Број на опслужени домаќинства и туристички локации Број на набавени возила Број на комунална опрема
		2.2. Јакнење на капацитетите и доопремување на ТППЕ Ранковце	2025-2027	Општина Ранковце , МЗШВС , МЖСПП , ДЗС , ИПА , и др.	-	Намалени ризици и побезбедна животна средина	Број на одржани обуки Број на набавени противпожарни возила и опрема

	извори на енергија	2.3 . Промоција на потецијалите на општината за обновливи извори на енергија	2024-2025	Општина Ранковце , НВО	30.000,00	Обезбедени технички спецификации	Изготвен промотивен материјал за потенцијалите на општината за изградба на фотонапонски централи
		2.4.Организирање на ИНФО средби со бизнис секторот и граѓаните за можностите и придобивките од обновливите извори на енергија		Општина Ранковце , Министерство за економија , НВО и др.	30.000,00	Јакнење на свеста за искористување на обновливи извори на енергија	Број на одржани ИНФО средби и број на учесници Број на инвестиции во обновливи извори на енергија
		2.5.Расчистување и уредување на речни корита и водотеци		Општина Ранковце , МЗШВС , МЖСПП , ДЗС , ИПА , и др.	-	Намалени ризици од поплави и ерозивни процеси	Број на изготвена техничка документација Уредени речни корита и водотеци во km Расчистени речни корита и водотеци во km
		2.6. Изградба на пречистителна станица и системи за одведување на отпадни фекални води	2024-2028	Општина Ранковце , БРР , СИПР , МТВ, АФПРР , МЖСПП и др.	-	Намалено загадување на медиумите на животната средина	број на изградени пречистителни станици
1. Вештини, човечки ресурси , инклузивнос 2.Земјиште и инфраструк	3. Рурален равој и туризам	3.1.Организирање на работилници за развој на руралниот туризам	2024-2028	Општина, Агенција за промоција и поддршка на туризмот, СИПР ,	30.000,00	Подобрени вештини за искористување на можности за развој на рурален туризам и отпочнувањ	Број на одржани обуки на годишно ниво , број на учесници

тура 3.Локална соработка и вмрежување				невладин сектор и други		е на сопствени бизниси	
		3.2. Изработениа локална туристичка мапа и брошура	2024-2025	Општина Ранковце бизнис сектор , БРР , СИПР , ИПА и др.	100.000,00	Зајакната промоција на туристичките потенцијали на Општина Ранковце	Изработена мапа и брошура Број на испечатени примероци Број на прегледи
		3.3. Уредување на туристички локалитет со содржини	2025-2027	Општина Ранковце , БРР , СИПР , ИПА и други донатори	-	Збогатена туристичка понуда со уреден туристички локалитет	Број на уредени локации Должина и број на изградени пешачки патеки Број на поставена урбана опрема и сл.
		3.4.Реконструкција и пренамена на стари училишни згради во туристички објекти		Општина Ранковце , БРР , СИПР , ИПА и други донатори	20.000.000	Збогатена туристичка понуда со зголемен број на сместувачки капацитети	Број на пренаменети и реконструирани објекти , број на пуштени објекти во функција број на нови вработувања , број на гости
		3.5.Изградба на локална патна и комунална инфраструктура до примамливи локации за туризам и рурален развој		Општина Ранковце , БРР , СИПР , МТВ, АФПРР , ИПА и други донатори	-	Обезбедување предуслови за развој на викенд туризам	Изградени пристапни патишта,водоснабдителни системи во km Број на изградени викенд објекти
		3.6. Изработка на урбанистички планови за подобрување на локалниот економски	2024-2025	Општина Ранковце , МТВ , АФПРР , ВЛАДА и др.	-	Испланиран простор за создавање услови за локлен економски развој и	Број на изработени урбанистички планови за н.м.

		развој				домување	
		3.7. Изградба на пешачки и велосипетски патеки	2024-2028	Општина Ранковце, БРР, СИПР, МТВ, АФПРР, ИПА, ИПАРД и др.	-	Безбедно движење и спортување како предуслов за лолален развој	Број на изработени технички документации Изградени пешачки патеки во m/ km Изградени велосиедски патеки во m/ km Број на опфатени н.м.
		3.8. Изградба на системи за водоснабдување	2024-2028	Општина Ранковце, БРР, СИПР, МТВ, АФПРР, ИПА и др.	-	Подобрување на услугата за ефикасно и континуирано водоснабдување	Број на н.м. во кои е реализирана активноста
		3.9. Изградба на локални улици и патишта	2024-2028	Општина Ранковце, БРР, СИПР, МТВ, АФПРР, ИПА и др.	-	Создавање бебеден и олеснет пристап до секј објект и локација како предуслов за лолален развој	Број на н.м. во кои е реализирана активноста Изградени улици во m/ km Изградени локални патишта во m/ km
		3.10. Поставување на спортска и урбана опрема во н.м.	2024-2028	Општина Ранковце АМС, БРР, СИПР, МТВ, АФПРР, ИПА и други донатори	300.000,00	Создавање на рекреативна и привлечна средина за здрава младина	Број на уредени локации по н.м.

1.Пристап до финансии 2.Регултор на и институционална рамка	4 Интензивирање и модерни зација на земјоделското производство	4.1 Отварање на канцеларија на Агенција за потикнување на развојот на земјоделството	2025	Општина Ранковце, МЗШВС и АПРЗ РЕ Крива Паланка	50.000,00	Секојдневно достапмна услуга за земјоделците	Број на услужени странки
		4.2.Обуки за зајакнување на капацитетите на земјоделците за искористување на финансиските можности од програмите и фондовите	2024-2028	Општина Ранковце, ,МЗШВС и АПРЗ РЕ Крива Паланка, АФПРР , ИПАРД и др.	30.000,00	Зајакнати капацитети на земјоделците за искористување на средства од програмите и фондовите за развој на земјоделието	Број на одржани обуки на годишно ниво , број на учесници /обучени земјоделци број на доставени барања до програмите и фондовите
		4.3.Изградба и уредување на на зелен пазар во с.Ранковце	2024-2026	Општина Ранковце, ,МЗШВС , УНДП , АФПРР , ИПАРД и др.	-	Создавање на погодни услови за достапна услуга и пласман на земјоделски производи	Површина на изграден објект m2

13.ШЕМА НА ФИНАНСИРАЊЕ

Финансиската конструкција на Планот за локален економски развој е доста сложен процес земајќи ги во предвид различните и променливи извори за финансирање кои се нудат на централно и регионално ниво, Општината Ранковце како рурална општина со слаби инвестициски можности од сопствениот буџет за да не се ограничи во спроведување на предвидените проектните активности на конкретни извори за финансирање само ке ги посочиме можните извори на финансирање без прецизна разработена на шема за финансирање.

Од досегашното искуството поголемиот дел од проектите се финансирани од страна на донатори и тоа:

- Национални извори на финансирање:

- Министерство за животна средина (Годишни програми за животна средина и управување со води)
- Биро за регионален развој (Програми за развој на селата, подрачјата со специфични потреби и Центрите за развој регионални проекти)

- Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој
- Министерството за локална самоуправа (Програма за диспаритет на регионите, Стратегија за Роми)
- Сопствен буџет (помали проекти, улици и патишта)
- Министерство за транспорт и врски и др.

- Други можни извори на финансирање:
  - Амбасади во државава (Германија, Кина, Велика Британија, Јапонија)
  - Програми и донаторски проекти на УНДП, УСАИД, Мировен Корпус, СИДА и други)
  - Банки (Светска банка, Европска инвестициона банка)

- Европски предпристапни фондови :
  - ИПА Прекугранична соработка со Р.Бугарија

Дополнително локалната самоуправа треба да ги истражи сите можни извори на финансирање и треба да се контактира и покани секој што би можел да придонесе за спроведување на планот и да биде дел од процесот на спроведување на истиот за да придонесе за развојот на локалната економија.

Бр.09- 911/7
22.09.2023 година

Совет на Општина Ранковце
Претседател
Александра Стамболиска Јовановска,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Ранковце за 2023 година

1.Се прогласува Програмата за изменување и дополнување на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Ранковце за 2023 година, донесена на 29-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 22.09.2023 година.

2.Програмата за изменување и дополнување на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Ранковце за 2023 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-935/5 **Општина Ранковце**
25.09.2023 година **Градоначалник**
Ранковце **Борче Спасовски, с.р.**

Врз основа на Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16 и 142/16) и Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост („Службен весник на Република Македонија“ бр.193/2016) и член 23 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 04/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце на седницата одржана на ден 22.09.2023 година, донесе:

Програма за изменување и дополнување на
П Р О Г Р А М А Т А
За изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Ранковце за 2023 година

Во Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мтржа во Општина Ранковце за 2023 година, („ Службен гласник на Општина Ранковце“ бр.13/22), се врши измена и дополнување и тоа:
Во делот ПРИХОДИ се врши следната измена:
Во точка 4-Средства од буџетот на општината сумата 900.000,00 денари се заменува со 1.786.077,00 денари; и се додава точка 5 која гласи:
5. Средства од Министерство за транспорт и врски ..... 913.923,00 денари ;
Вкупната сума 27.900.000,00 денари се заменува со 29.800.000,00 денари.

Точката А – **На следнава патна мрежа-патни правци ќе се изврши дотерување на нивелетата, тампонирање, одводнување и асфалтирање**, се менува и гласи:

Р.бр.	Патен правец	Активност	Должина	Вредност
1	Локален пат с. Опила (Каваклија-Црква Свети Никола)	Асфалтирање	2,5 км	12.00.000,00
2	Локален пат с. Псача-Дикина маала	Асфалтирање	1,3 км	8.500.000,00
3	Локален пат с. Ветуница (Ветуничка река-Блидеш) со	Асфалтирање	0,21 км	2.000.000,00

	пропуст на Ветуничка Река			
4	Локален пат с. Гиновци-с. Љубинци	Асфалтирање	0,860 км	4.000.000,00
5	Локален пат с. Ранковце Зердин дуб	Тампонирање	1 км	1.100.000,00
6	Дел од локале пат с. Опила-Котарина маала	Тампонирање		800.000,00
			Вкупно	28.400.000,00

Во делот РАСХОДИ се врши следната измена: вкупната сума 27.900.000,00 денари се заменува со 29.800.000,00 денари.

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Ранковце.

Бр. 09-911/8
22.09.2023 година
Ранковце

Совет на Општина Ранковце
Претседател
Александра Стамболиска-Јовановска,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Програмата за дополнување на Програмата за изработка на Урбанистички планови за Општина Ранковце за 2023 година

1.Се прогласува Програмата за дополнување на Програмата за изработка на Урбанистички планови за Општина Ранковце за 2023 година, донесена на 29-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 22.09.2023 година.

2.Програмата за дополнување на Програмата за изработка на Урбанистички планови за Општина Ранковце за 2023 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-935/6
25.09.2023 година
Ранковце

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Спасовски, с.р.

Врз основа на член 40 став 1 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на Република Северна Македонија“ бр. 32/2020) и член 23 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 04/10, 3/11, 11/15, 4/19и 5/22), Советот на Општина Ранковце на седницата одржана на ден22-09-2023 година, донесе

П Р О Г Р А М А
За дополнување на ПРОГРАМАТА за изработка на Урбанистички планови за Општина Ранковце за 2023година

Во ПРОГРАМАТА за изработка на урбанистички планови за Општина Ранковце за 2023 година,(„Службен гласник на Општина Ранковце“ бр.13/22 и 1/23),се врши дополнување и тоа:

Во Точка 2.Изработка на Урбанистички план за вон населено место;
се додава:

ИзработканаУрбанистички план вон населено местосо намена А4-3 –Времен престој –Блок 3, дел од к.п. бр.1600/2, к.п.бр.1600/3 и дел од к.п.бр.1704/1, КО Пклиште, Општина Ранковце, финансиран од Друштво за меѓународен транспорт и шпедиција Дени Интернационал Страшко ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. 34 број 22 Илинден, Општина Илинден;

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник “ на Општина Ранковце.

Бр.09-911/9
22.09.2023 година
Ранковце

Совет на Општина Ранковце
Претседател,
Александра Стамболиска-Јовановска,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлуката за давање на позитивно мислење на Програмата за ескурзи и други слободни активности на учениците од ООУ „Христијан Тодоровски - Карпош“ - Ранковце, за учебната 2023/2024 година

1.Се прогласува Одлуката за давање на позитивно мислење на Програмата за ескурзи и други слободни активности на учениците од ООУ „Христијан Тодоровски -

Карпош“ - Ранковце, за учебната 2023/2024 година, донесена на 29-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 22.09.2023 година.

2.Одлуката за давање на позитивно мислење на Програмата за ескурзи и други слободни активности на учениците од ООУ „Христијан Тодоровски - Карпош“ - Ранковце, за учебната 2023/2024 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-935/7
25.09.2023 година
Ранковце

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Спасовски, с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службенвесник на Република Македонија“ бр. 05/02), член 23 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 04/10, 03/11, 11/15, 4/19 и 5/22), а согласно член 42 став1 и став 2 од Законот за основно образование („Службенвесник на Република Северна Македонија” бр. 161/19 и 229/20), Советот на Општина Ранковце на 29-та седница одржана на ден 22.09.2023година, донесе

О Д Л У К А
За давање на позитивно мислење на Програмата за ескурзи и други слободни активности на учениците од ООУ „Христијан Тодоровски - Карпош“ - Ранковце, заучебната 2023/2024година

член 1

Со оваа Одлука се дава позитивно мислење на Програмата за ескурзи и други слободни активности на учениците од ООУ „Христијан Тодоровски - Карпош“, Ранковце, за учебната 2023/2024 година.

член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Ранковце.

Бр.09-911/10
22.09.2023година
Ранковце

Совет на Општина Ранковце
Претседател
Александра Стамболиска Јовановска,с.р.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНАРАНКОВЦЕ
Бр. 22-533/15
01.09.2023год.
РАНКОВЦЕ

Врз основа на член 62 став 10 од Закон за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија “бр.32/2020) Градоначалникот на Општина Ранковце, на предлог на Комисијата за урбанизам формирана од страна на градоначалникот на Општина Ранковце со решение бр.08-213/1 од 10.02.2022 година,за одобрување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за група на класа на намена Г3-индустрија на финални производи и сервисни услуги на к.п.бр.2186, КО Радибуш, Општина Ранковце, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е
за одобрување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за група на класа на намена Г3-индустрија на финални производи и сервисни услуги на к.п.бр.2186, КО Радибуш, Општина Ранковце

1. СЕ ОДОБРУВАУрбанистички проект вон опфат на урбанистички план за група на класа на намена Г3-индустрија на финални производи и сервисни услуги на к.п.бр.2186, КО Радибуш, Општина Ранковце, сотех.број 23/02 од јули 2023 година, изработена од Друштво за урбанизам, проектирање и инжинеринг „ ПЛАНЕРИС “ ДООЕЛ Куманово.
2. Вкупната површина во рамките на планскиот опфат изнесува 7349м2.
3. Составен дел на ова Решение е Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за група на класа на намена Г3-индустрија на финални производи и сервисни услуги на к.п.бр.2186, КО Радибуш, Општина Ранковце, сотех.број 23/02 од јули 2023 година, изработена од Друштво за урбанизам, проектирање и инжинеринг „ ПЛАНЕРИС “ ДООЕЛ Куманово, а истиот го одобрува градоначалникот врз основа на мислењето за одобрување на урбанистичкиот проект од страна на Комисијата за урбанизам бр.22-533/13 од 31.08.2023 година.
4. Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени (Ажурирана геодетска подлога) со деловоден број 08-081-3/22 од 09.05.2022 година,и Анекс на Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени (Ажурирана геодетска подлога) со деловоден број 08-081-4/22 од 06.06.2023 годинаизработен од Трговско друштво за геодетски работи „Ленд Кад Инж“ ДОО Скопје;
5. Известување за електронска заверка на геодетски елаборат издадено од Агенција за катастар на недвижности-Одделение за катастар на недвижности Крива Паланка под бр. 1110-33/2022 од 09.05.2022 година;
6. Извештај од извршена стручна ревизија на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за група на класа на намена Г3-индустрија на финални производи и сервисни услуги на к.п.бр.2186, КО Радибуш, Општина Ранковце, со тех.број 0901-431/23 од август 2023година, извршен одДруштво за трговија и услуги „БИЛД УРБАН“ ДООЕЛ Скопје.

О б р а з л о ж е н и е

До Општина Ранковце доставено е барање преку информацискиот систем е-урбанизам, со број 22-533/1 од 15.05.2023 година, за одобрување наУрбанистички проект вон опфат на урбанистички план за група на класа на намена Г3-индустрија на финални производи и сервисни услуги на к.п.бр.2186, КО Радибуш, Општина Ранковце, со тех.број 23/02 од јули 2023 година, изработена од Друштво за урбанизам, проектирање и инжинеринг „ ПЛАНЕРИС “ ДООЕЛ Куманово.

Комисијата за урбанизам формирана со решение бр.08-213/1 од 10.02.2022 година, даде Мислење за одобрување наУрбанистички проект вон опфат на урбанистички план за група на класа на намена Г3-индустрија на финални производи и сервисни услуги на к.п.бр.2186, КО Радибуш, Општина Ранковце, со тех.број 23/02 од јули 2023 година, бр. 22-533/13 од 31.08.2023година, со предвидена класа на намена:Г3-индустрија нафиналнипроизводи и сервисниуслуги.

Во границите на планскиот опфат планирана е 1 градежна парцела со следните основни класи на намена:

- Г3-индустрија нафиналнипроизводи и сервисниуслугисогласно Правилникот за урбанистичко планирање („ Сл. Весник на РСМ“ бр.225/20 и 219/21).

Врз основа на горенаведеното градоначалникот констатира дека се исполнети условите од член 62 став 10 од Закон за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија “бр.32/2020), и Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ“ бр.225/20 и 219/21) и врз основа на тоа се одлучи како во диспозитивот на решението.

Изработил,
Моме Крстевски

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Спасовски

С О Д Р Ж И Н А

1. **Заклучок за прогласување на Одлуката за давање Согласност на Годишниот план за вработување во Општина Ранковце за 2024 година**
2. **Одлука за давање Согласност на Годишниот план за вработување во Општина Ранковце за 2024 година**
3. **Заклучок за прогласување на Одлуката за примање на трајно користење на движни ствари**
4. **Одлука за примање на трајно користење на движни ствари**
5. **Заклучок за прогласување на Измените и дополнувањето на Буџетот на Општина Ранковце за 2023 година**
6. **Измени и дополнување на Буџетот на Општина Ранковце за 2023 година**
7. **Заклучок за прогласување на Планот за Локален економски развој на Општина Ранковце 2023-2028 година**
8. **План за Локален економски развој на Општина Ранковце 2023-2028 година**
9. **Заклучок за прогласување на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Ранковце за 2023 година**
10. **Програма за изменување и дополнување на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Ранковце за 2023 година**
11. **Заклучок за прогласување на Програмата за дополнување на Програмата за изработка на Урбанистички планови за Општина Ранковце за 2023 година**
12. **Програма за дополнување на Програмата за изработка на Урбанистички планови за Општина Ранковце за 2023 година**
13. **Заклучок за прогласување на Одлуката за давање на позитивно мислење на Програмата за ескурзи и други слободни активности на учениците од ООУ „Христијан Тодоровски - Карпош“ - Ранковце, за учебната 2023/2024 година**
14. **Одлука за давање на позитивно мислење на Програмата за ескурзи и други слободни активности на учениците од ООУ „Христијан Тодоровски - Карпош“ - Ранковце, за учебната 2023/2024 година**
15. **Решение за одобрување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за група на класа на намена Г3-индустрија на финални производи и сервисни услуги на к.п.бр.2186, КО Радибуш, Општина Ранковце**

_____/_____